ФАРМАЦЕВТСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
ODA E FARMACISTËVE
TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 02-337/1
2.11. 2026 год.-viti

Врз основа на член 44 од Статутот на Фармацевтската комора на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 115/2022), член 4 од Одлуката на Изборната комисија од 12.06.2026 година за поништување на изборите и член 4 од Одлуката на Изборната комисија од 16.06.2026 година за продолжување на мандатот на органите на Комората, претседателот на Собранието на Комората на ден 2.11.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за распишување на избори за органи на Фармацевтската комора на Република Северна Македонија за мандатен период 2027–2031 година

Член 1

Се распишуваат избори за членови на Собранието, членови на Извршниот одбор, членови на Надзорниот одбор, членови на Судот на честа , Обвинител, Претседател на Собранието и Претседател на Фармацевтската комора на Република Северна Македонија, за мандатен период 2027–2031 година.

Изборот на претседател на Комората и претседател на Собранието се спроведува на конститутивната седница на Собранието во нов состав, согласно членовите 63–66 и член 69 од Статутот.

Член 2

Изборната постапка започнува на 2.11.2026 година и завршува со верификација на мандатите на конститутивната седница, а најдоцна на 18.01.2027 година.

Член 3

За спроведување на изборите останува Изборната комисија формирана со Одлука бр. 02-129/1 од 07.05.2026 година, чиј мандат е продолжен со Одлуката бр. 02-335/2 од 26.06.2026 година, во состав:

1. Славица Тодоровска – претседател;
2. Ангела Ѓоргиева – член;
3. Кирил Пецевски – член;
4. Дијана Мицева – член;
5. Марија Пендовска – член.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 4

Избирачко право има секој фармацевт член на Комората, државјанин на Република Северна Македонија, со место на живеалиште или престојувалиште на територијата на Републиката, евидентиран во Регистарот на Комората до денот на донесувањето на оваа одлука, согласно член 42 и член 51 од Статутот.

Член 5

Примерок од оваа одлука се доставува до претседателот и членовите на Изборната комисија и се објавува на веб-страницата на Комората.

Член 6

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Изборите распишани со Одлуката бр. 02-129/1 од 07.05.2026 година и спроведени на 11.06.2026 година се поништени во целост. Член 4 од одлуката за поништување ги задолжува надлежните органи да распишат нова постапка. Согласно член 44 од Статутот, изборите ги распишува претседателот на Собранието. Со продолжениот мандат до 18.01.2027 година, распишувањето на 2.11.2026 година е во рокот „најдоцна 60 дена пред истекот на мандатот".

2.11.2026

Фармацевтска комора на РСМ

Претседател на Собранието на Комората

Дипл. фарм. Милан Ѓероски

ФАРМАЦЕВТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ODA E FARMACISTËVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Shkup
Ckonje